**З А П И С Н И К**
**од Педесет и деветтата (тематска) седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 20.3.2018 година**

**Скопје, март 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и деветтата (тематска) седница на Владата на Република Македонија, одржана на 20.3.2018 година**

Седницата започна во 12:05 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Рената Дескоска, министерка за образование и наука, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и Генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на Генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски портпарол на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи, Дарко Каевски, директор на Агенцијата за млади и спорт, Драган Атанасов од Сојузот за младинска работа, Блажен Малески од Национален младински совет на Македонија, Мери Цветковска од Асоцијација ХЕРА, Ивица Цековски од Здружението ХОПС, Дона Костуранова од Младинскиот образовен форум и Марија Угриновска од Здружението „Гоу Грин“.

Од седницата отсуствуваа заменичката на претседателот на Владата и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски  и заменикот на

претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Билен Саљији, министер за правда, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*　　　*

Врз основа на Предлогот на Дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Обраќање на претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев

1. Информација за имплементација на младински политики од областа пазар на трудот

2. Информација за мерки од Министерството за образование и наука, за младите

3. Информација за преземени активности на Министерството за здравство за унапредување на здравјето на младите во Република Македонија

4. Информација за младински политики на Министерството за култура

5. Информација за процесот, активностите и фазите за основање на Научно-технолошки парк во Македонија

6. Информација во врска со мерките и активностите од Планот за економски раст кои го опфаќаат и доменот на младите (за тематска седница - млади)

7. Информација за приоритетите во младинскиот сектор

8. Прашања и предлози

*

*　　　*

**Пред преминување на дневен ред:**

Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, заедно со претставници на младинските организации и директорот на Агенцијата за млади и спорт, Дарко Каевски, ги потврдија заложбите и намерите на Владата на Република Македонија, заедно со младинските организации за креирање модерно и напредно општество во кое младите имаат суштинска улога.

Исто така, беше истакнато дека сите политики за млади ќе се носат со учество на младинските организации и заедници, ќе се разгледуваат предлозите на младинските организации за напредокот во спроведувањето на младинските политики во рамки на ресорните институции, како и напредокот на имплементирањето на конкретни мерки, како што е Младинската гаранција, една од клучните владини програми.

Оваа заедничка (тематска) седница на Владата, претставува уверување дека младината во Република Македонија, со своите храбри идеи, е подготвена да учествува во градењето современо општество, демократско и еднакво за сите и ги повикува младите со сите свои идеи и сили да учествуваат во водењето на Република Македонија напред и да останат буден коректив на власта.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на младински политики од областа пазар на труд, како материјал за информирање.

**Точка 2**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за мерки од Министерството за образование и наука за младите, како материјал за информирање.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени активности на Министерството за здравство за унапредување на здравјето на младите во Република Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за младински политики на Министерството за култура, ја усвои и го задолжи Министерството за култура во рок од 30 дена да формира интерресорска работна група, со претставници од Министерството за култура, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика,

Агенцијата за млади и спорт и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како и претставници на младински организации: НМСМ-Национален младински совет на Македонија од Скопје, Младински образовен форум од Скопје, Младински културен центар - Битола и Коалиција на младински организации - СЕГА од Прилеп.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за процесот, активностите и фазите за основање на Научно - технолошки парк во Македонија, ја усвои и притоа заклучи:

- Се формира работна група предводена од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и со претставници од Фондот за иновации и технолошки развој, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за образование и наука и Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија која ќе подготви предлог за спроведување на Иницијативата за основање на Научно-технолошки парк во Македонија со соодветни предлози за просторни, финансиски и кадровски ресурси и во рок од 90 дена да ја информира Владата

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со мерките и активностите од Планот за економски раст кои го опфаќаат и доменот на младите, како материјал за информирање.

**Точка 7**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за приоритетите во младинскиот сектор, како материјал за информирање.

Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, Владата заклучи:

**Младинска работа**

1. Формира Работна група со претставници од следниве институции (институциите сами да ги определат своите претставници): Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Центарот за стручно образование и обука, Агенцијата за млади и спорт и Сојузот за младинска работа, со конечна цел носење план, програма и политика за воспоставување систем за младинска работа, за што Работната група во рок од 30 дена да подготви и до Владата да достави соодветна информација со конкретни предлози, план/програма за работа и очекувани идни активности од страна на Владата и другите државни институции.

2. По потреба во Работната група можат да бидат вклучени и гости од факултети, други институции итн.

**Ко-менаџмент тело**

3. Формира Работна група со претставници од следниве институции (институциите сами да ги определат своите претставници): Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерство за локална самоуправа, Агенција за млади и спорт, Агенција за вработување на Република Македонија, која во рок од 30 дена ќе го дефинира Ко-менаџмент телото за координација помеѓу младинските организации и институциите и за структурен дијалог и до Владата ќе достави соодветна информација со конкретни предлози.

   Потребните средства за финансирање на ова Ко-менаџмент тело ќе се обезбедат од Буџетот на Владата на Република Македонија.

**Сеопфатно сексуално образование**

4. Формира Работна група со претставници од следниве институции (институциите сами да ги определат своите претставници): Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука и претставник од организацијата ХЕРА, со цел изнаоѓање начини и механизми на материјално и финансиско зајакнување на капацитетите, за поголеми ефекти околу свесноста за сексуалното образование на младите луѓе, за што во рок од 30 дена до Владата да достави соодветна информација со конкретни предлози, план/програма за работа и очекувани идни активности од страна на Владата и другите државни институции.

**Употреба на психотропни супстанции меѓу малолетници и млади**

5. Формира Работна група со цел изработка на Програма за сеопфатна грижа и лекување на малолетни корисници на психоактивни супстанци, со претставници од следниве институции (институциите сами да ги определат своите претставници): Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда (Управа за извршување на санкции) и претставник од Граѓанската организација ХОПС, која да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави соодветна информација со конкретни предлози, план/програма и очекувани идни активности од страна на Владата и другите државни институции.

**Развој и препознавање на средношколско и студентско организирање во Република Македонија**

6. Во рок од 30 дена да се формира Работна група за средношколско демократско организирање, односно за поддршка на средношколските заедници и училиштата, нивен развој, оспособување и помош, во која да учествуваат претставници од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Младинскиот образовен форум (МОФ), претставници од други граѓански организации, со право да се повикуваат гости, директори, професори, градоначалници, советници од локалните самоуправи.

6.1. Во рок од 30 дена да се формира Работна група за студентско демократско организирање, односно за поддршка на студентските парламенти на сите универзитети, во која да учествуваат претставници од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Младинскиот образовен форум (МОФ), претставници од други граѓански организации, со право да се повикуваат гости, директори, професори и други засегнати страни, која ќе работи на решавање на студентските прашања, реформа на статутите и сл., при што претставниците од државните институции да пружат поддршка во имплементацијата на предвидените активности.

**Зелени работни места**

7. Формира Работна група со претставници од следниве институции (институциите сами да ги определат своите претставници): Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за млади и спорт и Здружението Гоу Грин, со конечна цел поврзување на зелените работни места со младинската невработеност и зајакнување на капацитетите и знаењата на младите во областа на еколошките теми.

   Исто така, Работната група да повика и други младински организации да учествуваат во нејзината работа, а за преземените активности да ја информира Владата во рок од 30 дена, при што да достави и конкретни предлози, план/програма за работа и очекувани идни активности од страна на Владата и другите државни институции.“

**<u>Точка 8</u>**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:55 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Зоран Заев |